UDC: 327.57:005.334(4)
355.48(470+571:477):355.02(4)

# THE CHALLENGES FOR THE 'PAX EUROPAEA' CONCEPT IN CONDITIONS OF SECURITY ESCALATION

**Spasevski Gjorgi**
PhD student, Faculty of Law "Justinianus Primus", University "St. Cyril and Methodius", Skopje
gjorgji.spasevski@outlook.com

***Abstract***

In delicate security conditions, the European continent is once again confronted with the possibility of greater war. The insecurity and sheer destruction in Ukraine inevitably contributed to fundamental changes in the geopolitical and geostrategic context that existed on the continent during a longer period of so-called relative peace and stability. Namely, the processes of integration and cooperation between the states in Europe, embodied in an international entity which by its nature is Sui Generis, naturally evolved into a supranational institution where the members delegate part of their sovereignty with an emphasis on law, foreign policy and the economy. The concept of Pax Europaea implies an era of relative peace and stability leading to prosperity. The factors mentioned above generated conditions in which we can talk about positive peace, meaning far more than absence of direct violence, i.e. different from the know concept of negative peace, which many researchers in the field of peace studies would immediately detect in the current constellation of relations. The military aggression against Ukraine re-actualized long know historical differences and interpretations of the past. It is especially important to detect the causality of the change that generates numerous challenges that will be faced by Europe and the world as a whole. Perhaps the end of the Pax Europaea concept is already in sight. The security dilemma is a product that, at the very least, contributes to an increased degree of insecurity, resulting in increased militarization and mistrust.

***Keywords:*** *Pax Europaea, security, relative peace, escalation, geopolitics*

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА КОНЦЕПТОТ 'PAX EUROPAEA' ВО УСЛОВИ НА БЕЗБЕДНОСНА ЕСКАЛАЦИЈА

**Спасевски Ѓорги**
Докторанд, Правен факултет ,,Јустинијан Први", Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" – Скопје
gjorgji.spasevski@outlook.com

**Апстракт**

Во услови на деликатна безбедносна ситуација, европскиот континент повторно е соочен со можноста за масовна ескалација и конфликт од поголеми размери. Деструкцијата и несигурноста генерирани со војната во Украина неминовно придонесоа за фундаментални промени во геополитичкиот и геостратегискиот контекст кој егзистираше на континентот во еден подолг временски интервал на така наречен релативен мир и стабилност. Имено, процесите на интеграција и кооперација помеѓу државите во Европа олицетворени во меѓународен субјект кој по својата природа е Sui Generis природно еволуираше во една супранационална институција каде членките своеволно делегираа дел од својот суверенитет со акцент на правото, надворешната политика и економијата. Концептот на Pax Europaea подразбира ера на релативен мир и стабилност што води кон просперитет. Токму погоре споменатите фактори генерираа

услови во кои може да се говори за позитивен мир, кој е многу повеќе од отсуство на директно насилство, односно различен од познатиот концепт на негативен мир за кој мнозина истражувачи од сферата на мировните студии веднаш би го детектирале во актуелната констелација на односи. Воената агресија врз Украина ги реактуелизираше историските разлики и повторно на виделина произлегоа различни толкувања на минатото. Особено е важно да се детектира каузалитетот за промената која генерира бројни предизвици со кои ќе се соочува Европа, а и светот во целина. Можеби веќе се гледа крајот на концептот Pax Europaea. Безбедносната дилема е продукт кој во најмала рака придонесува за зголемен степен на несигурност, а резултира со зголемена милитаризација и недоверба.

***Клучни зборови:*** *Pax Europaea, безбедност, релативен мир, ескалација, геополитика.*

## 1. Историски концепт за европско единство

Овој труд гледа низ призмата на минатото за да може да се разбере сегашноста, но на никаков начин не се обидува да ги предвиди краткорочните или идните настани од војната, ниту нејзиниот потенцијален финален епилог. Трудот има за цел да ги потенцира последиците кои се одраз на воените дејствија и промените кои се со конфликтен потенцијал и да се обиде да одговори на консеквенциите со кои Европа би можела да се соочи во својата иднина. Истражувањето е базирано на користење секундарни извори со намера да се дефинира актуелната состојба. Тоа е од дескриптивен и експланаторен карактер, а преку методот на анализа на содржината и компаративниот метод, како и соодветна квалитативна и квантитативна анализа се доаѓа до што повеќе сознанија поврзани со предметот на истражување. Анализата пред се ќе биде направена низ призмата на реалистичката теорија во меѓународните односи која се заснова на неколку постулати како што се: претпоставката дека меѓународниот систем е анархичен по својата природа без доминантен глобален супранационален ентитет. Државите се водени од сопствените национални интереси, пред се загрижени примарно за сопствената егзистенција во еден несигурен систем. Примарните актери (државите) настојуваат да ја максимизираат својата безбедност со цел обезбедување опстанок (концепт кој подоцна ќе се објасни и со теоријата за безбедносна дилема) Се тргнува од премисата дека државите се рационални актери кои се однесуваат така. Базично е потребно да се одговори на прашањето што претставува концептот „Pax Europaea", односно од каде произлегува самиот термин и кое е значењето што го има денес во модерна смисла. Поимот „Pax" во буквална смисла значи мир, додека терминот „Pax Europaea" е еуфемизам за Европа пост Втората светска војна. За европско единство се говори низ еден долг временски период, имено според бројни автори идејата за единствена Европа унифицирана како единствена сила произлегува дури и пред модерното разбирање за тоа што значи „Pax Europaea". Дискусијата за европско единство започнува многу порано, некои ги лоцираат почетоците во средновековието, односно од петнаесеттиот век првенствено од аспект на христијанството како обединувачки фактор и есенцијален елемент преку кој се градел европскиот идентитет. Наполеон произлегува со констатација дека Европската цивилизација е супериорна во однос на останатите. Тој заговарал единство во смисла на вооружена Европа која ќе биде спремна да се одбрани од потенцијалните закани кои доаѓале од Исток. Според него, разликите помеѓу европските држави биле занемарливи и европските народи сочинувале еден ентитет олицетворен во една нација со доминантна религија (христијанството) како и заедничка традиција. Единствена компонента која недостасувала била супер сила која ќе ја обедини Европа во еден систем.[1] Размислувањата на Наполеон ги делеле голем број на мислители од тој период во Европа, вклучително и Монтескје, кој ја сметал Франција за водечка сила во тоа време.[2] Меѓутоа, не само Франција се сметала за суперсила која

[1] Andrén, M. (2023). Dreaming of Unity. In *Thinking Europe: A History of the European Idea since 1800* (Vol. 46, pp. 17–45). Berghahn Books. http://www.jstor.org/stable/j.ctv36cj83p.6
[2] Ibid

била способна да ја "обедини" Европа. Со поразот на Наполеон во 1815 година, следствено со победата на Британија во регионот на Северна Америка и Индија кон крајот на осумнаесеттиот век започнала ера на нова доминација. Во западната научна мисла не ретко се сретнува терминот „Pax Britannica" кој е токму поврзан со историските настани кои следеле во текот на деветнаесеттиот век, каде, за прв пат, една империја се стекнува со епитетот „Прва индустриска нација". Токму во тој период Европските држави на одреден начин прифаќаат зголемен степен на интеграција, првенствено во поглед на економијата и трговијата. Во тој период не постоел друг кандидат кој би можел да ја предизвика хегемонијата која ја уживала Британската империја. Според Дејвид Калео, европскиот империјализам никогаш не успеал да креира унифициран глобален поредок од причина што Европа никогаш и не била обединета, напротив постојано плуралистичка и во константна борба на разни империи за доминација која се рефлектирала не само на континентот, туку и на остатокот од светот.[3] Од наведените констатации може да се забележи една историска тенденција на подеми и падови, односно промени на хегемон низ разни временски интервали кои се одразувале базично низ призмата на тврдата моќ (воена сила) освојувачки походи, асимилација, борба за колонијална превласт и меѓусебен натпревар првенствено на големите европски сили. Со развојот на технологијата, особено за време на индустриската револуција и постмодерниот поредок покрај бројни бенефити од аспект на човековиот развој и цивилизација со себе донеле бројни предизвици за континентот во целина, кој сѐ уште гравитирал кон неколку центри на моќ.

Првата и Втората светска војна се еклатантни примери за деструктивната моќ и потврда за енормните разлики на европските држави. Условите за зачеток на современата европска интеграција била далеку од поволни, речиси непостоечки. Дури и краткиот временски период помеѓу двете светски војни може единствено да се класифицира како класичен пример за негативен мир, концепт кој е мошне добро елабориран од страна на познатиот истражувач и татко на мировните студии Јохан Галтунг. Имено, негативниот мир подразбира единствено отсуство на директно насилство и е дијаметрално спротивен на благодатите кои произлегуваат од позитивниот мир.[4] Концептите на „Pax Europaea" и добро познатиот позитивен мир на Галтунг се меѓусебно поврзани. Повеќе од потребно е да се наспомене дека токму Јохан Галтунг е основоположник на мировните студии, оној која ги има поставено фундаментите и има оставено непроценливо наследство како за истражувачите од таа научна дисциплина, така и за светот во целина преку своите учења. Ние како истражувачи токму од наведената дисциплина на мировни студии би можеле да ги наведеме следните тези кои мошне сликовито го илустрираат делото и животот на Галтунг. Имено, насилството е доста комплексен феномен, тоа постои како: директно и индиректно (структурирано во системот, правото, институциите) и културно (инкорпорирано во општествени феномени кои ја глорифицираат војната, војувањето, војската). Според тезите на Галтунг, потребно е базично да се откријат корените на насилството, за потоа со соодветни мерки да се справиме со истите. Мирот не е единствено отсуство на директно физичко/воено насилство. Кога нема крвопролевање, не значи дека има мир – тоа единствено отсуство на отворено/директно насилство. Мирот може единствено да биде комплетен кога е позитивен. Тука се подразбира состојба на општествена и глобална состојба во која владее социјалната правда, можноста за развој на човековата личност, слободата, еманципацијата и неотуѓеноста од човековата суштина и од други луѓе каде и да се. Интересно е тоа што конфликтот по дефиниција не е лоша работа наспроти општите заблуди. Не, секое општество почива на судири на интереси, мислења, ставови, идеи... и тоа е добро, затоа што е најопасно кога нема вакви конфликти, тоа е состојба во која владеат диктатури и тоталитарни системи. Галтунг во своите тези често се повикува на познатата матрица дека „Сиромаштијата е најстрашниот вид на насилство". За умственото наследство на Јохан Галтунг говори и една негова мисла која гласи: Мирот не значи пасивност, ниту помирување со неправдите. Напротив,

---

[3] Calleo, P.D. (May, 1996). Europe and World Order after the Cold War. Retreived from https://www.nato.int/acad/conf/future95/calleo.htm

[4] Galtung J., (1969). Violence, Peace, and Peace Research. *Journal of Peace Research, 6*(3), 167–191. http://www.jstor.org/stable/422690

патот до позитивен мир води преку коренити промени. Јохан Галтунг се вбројува во една елитна научна дружина која ја сочинуваат и Јан Оберг и Хакан Виберг.

Пример за позитивен мир може да претставува развојот, интеграцијата, напредокот, соработката на државите низ институциите на ЕУ кои овозможуваат континентот да ужива период на релативен мир и стабилност преку кој непречено се развива пост Втората светска војна и покрај бројните предизвици со кои се соочуваше. Дел од нив се: миграцијата, социоекономските разлики, политички превирања, како и разни безбедносни предизвици (крвавиот распад на Југославија) Косовската криза и нова безбедносна ескалација, а тоа е војната во Украина која има сериозен потенцијал да стави крај на ерата на релативен мир и стабилност во Европа. Меѓутоа, за војната во Украина во подоцнежните поглавја. Потребно е базично да елабoрираме што точно подразбираме под „Pax Europaea". Имено, постојат бројни дефиниции во научната литература, во овој труд ќе цитираме дел од нив кои се општо прифатени. Според професорот Васко Наумовски и Јован Андоновски, постигнувањето на долготраен мир и стабилност останува предизвик кој не губи на значај и вредност низ разни историски периоди. Интеграцијата на европските народи се одвива низ повеќе процеси од кои неколкумина се одликуваат со висок степен на успешност како што се: политичката интеграција, економската и правната. Во антиката биле доста застапени процесите на политичка интеграција и заедничките правни системи кои биле фундамент за продлабочување на европската интеграција. Римската Империја е класичен пример за анализа. Терминот „Pax Romana" значи „Римски мир" каде акцентот се става на периодот од 27 г. пр. н.е. до 180 г. Тоа е период кој се класифицира со голем степен на стабилност и просперитет за Римската империја. Токму тогаш Рим достигнува максимум во својата големина, економска и воена моќ на речиси целиот Европски континент. Достигнати се врвни цивилизациски и културолошки придобивки за тоа време. Правниот систем кој што е одлика на Европа денес е токму произлезен од периодот на релативен мир и стабилност на „Pax Romana". Самата суштина на современите правни системи денес е резултат на стабилноста и просперитетот кој бил возможен во тој период. Од воен аспект, римската војска успешно се справила со најголем број на закани кои доаѓале првенствено од надвор и прераснува во суперсила на своето време.[5] Европскиот мир и благосостојба може да се нарече „Pax Europaea" односно период на релативен мир и зголемен просперитет во речиси сите делови од Европа, со исклучок на територијата на поранешна Југославија. Европа и да нема почувствувано поголеми безбедносни предизвици кои ескалирале на ниво на воен судир со посериозни политички и економски последици.

Според авторите, „Pax Europaea" е токму резултат на зголемена европска интеграција, самото проширување на ЕУ и секако се подразбира нивото на соработка во разни сфери со акцент на политичко-економски прашања, како и заедничката надворешна и безбедносна политика. Се повеќе доминира супранационалниот елемент што е и главна одлика на Унијата. Во суштина ја прави организација од посебен вид „sui generis"[6]. Условно се креираше меѓузависност и воведено е начело на солидарност помеѓу државите членки. Според авторите, унијата на самиот свој почеток претставувала инструмент за постигнување на мир, помирување и обнова на Европа, за подоцна да прерасне во сојуз со заеднички пазар, валута прифатена од најголем број членки и ЗНБП (заедничка надворешна и безбедносна политика), не треба да се занемари и колаборација во сферата на правдата, социјалната политика, образованието, науката, инфраструктура, екологија и многу други. Концептот ни е повеќе од јасен, круцијалното прашање е како и дали воопшто сè уште можеме да говориме за ера на релативен мир и стабилност во Европа покрај актуелните случувања и драстичните промени во безбедносната сфера. Украина веројатно претставува и најголем предизвик со кој се има соочено континентот пост завршувањето на Втората светска војна и Студената војна.

[5] Наумовски В., Андонов Ј., (2014, јуни) – Политичка мисла, Модели на безбедна и стабилна интеграција – сто години по Првата светска војна. Преземено од: https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2014/07/pm46.pdf
[6] Ibid

## 2. Украинската војна и импликациите по европската безбедност

Од истражувачки аспект на мировните студии речиси е незамисливо да се говори за релативен мир и стабилност пост настанатата промена како на безбедносен, така и на политички план. Дополнително, не смее да се запоставaт и економските консеквенции како врз Украина, така и врз останатите заинтересирани страни. Имено, вреди да се погледне степенот на милитаризација пред и после воените дејствија. Веднаш ќе се забележи драстичен скок во степенот на финансиски средства кои државите од НАТО планираат да ги обезбедат за своите вооружени сили. Покрај зголемувањето на процентот од БДП во предвид треба да се земе и финансиската поддршка која ја добива Украина од своите сојузници. Од друга страна, Руската Федерација функционира со економија која е директно насочена кон исполнување на воени задачи и цели кои сака да ги постигне (воена економија). Според еден од најреномираните институти во светот, СИПРИ, светот глобално гледано ги има зголемено своите трошоци за вооружување за цели 6,8% компаративно со годината претходно (2022 г.) Зголемувањето е најголемо од година во година (од 2009 г до сега). Сѐ уште топ трите позиции ги заземаат САД, Кина и Руската Федерација.[7]

Во науката за меѓународни односи, поддисциплината меѓународна безбедност дефинира термин кој се нарекува безбедносна дилема. Имено, зошто е важно да се објасни што подразбира во контекст на овој труд. Кога се говори за релативен мир и стабилност како основна човекова потреба, тоа е неспоиво со вооружувањето и подготовките за евентуална ескалација и војна од поширок размер (светска војна). Безбедносната дилема подразбира вооружување како последица на недоверба и страв од „противникот" што парадоксално генерира степен на уште поголема несигурност и потенцијал за недоразбирање и конфронтација. Според Ванковска, безбедносната дилема е ситуација во која државите водени од стравот континуирано вложуваат во својата безбедност, но со таквите легитимни постапки предизвикуваат спротивни резултати. Концептот за овој тип на дилема најчесто се врзува со Џон Херц и Роберт Џарвис кои на едноставен начин го доловуваат значењето и импликациите од истата. Имено, според теоретичарите безбедносната дилема е повеќе трагедија на меѓународните односи одошто е зло: до конфликти и војни доаѓа не затоа што државите го сакаат тоа и затоа што се воинствени, туку затоа што се ставени во тешка ситуација.[8] Зависно од кој аспект би се опсервирала оваа теза некои би се согласиле, додека други би ја негирале. Доколку се продлабочиме во каузалитетот и како дојде до воена агресија врз Украина, одговорот би бил различен зависно од партиципантите кои се прашуваат. За Руската Федерација и претседателот Владимир Путин, континуираното проширување на НАТО кон исток и непосредната близина на воената инфраструктура до Русија е една од причините поради кои отпочна инвазија врз Украина. Друг аргумент кој се произнесува е од политички контекст. Конкретно станува збор за насилните протести од портокаловата револуција во Киев, каде, според рускиот претседател западните служби насилно се обиделе да доведат до промена на раководната структура во земјата. Сите тези претседателот ги произнесе во последното интервју со Такер Карлсон.[9] Може веднаш да се детектира чувството на недоверба и стравувањето кон потенцијалните непријатели од Западот. Токму тука концептот на безбедносна дилема игра голема улога и има значење кое треба да се опсервира внимателно и континуирано. Од друга страна ставовите се дијаметрално спротивни. За Западниот свет, воената агресија е во спротивност со одредбите од повелбата на ООН и на Украина и останува

---

[7] СИПРИ, (2023, Април), Global military spending surges amid war, rising tensions and insecurity, преземено од: https://www.sipri.org/media/press-release/2024/global-military-spending-surges-amid-war-rising-tensions-and-insecurity

[8] Ванковска Б., (2011) Безбедносна дилема: Меѓународна безбедност – Критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, стр.44-45

[9] Повеќе за интервјуто на следниот линк https://www.youtube.com/watch?v=gd9qktZnVJQ Посетено на:08.05.2024

секое право на самоодбрана кое е предвидено токму со истата. Конкретно, главата VI и VII од Повелбата ги предвидуваат сите одредби како за мирно, така и за евентуално воено разрешување, односно наметнување на мирот.

Клучен проблем е што ООН се парализирани кога прекршувањето на одредбите од Повелбата ќе бидат направени токму од постојната членка на СБ на ООН со што практично се покажува немоќта и парализата на глобалната институција која е одговорна за чување на светскиот мир.[10] За степенот на недоверба и стравување кај соседите, па и кај остатокот од светот говорат емпириските податоци кои сведочат за промените на кои сме сведоци сите ние. Според институтот во Стокхолм, Руската Федерација издвоила вкупно 5,9% од својот БДП за 2023 година во воени цели, односно зголемување за цели 24% во износ од 109 билиони американски долари, што е зголемување за 57% од 2014 година по анексијата на Крим. Спротивно, Украина се рангира на осмото место за 2023 година со плус воената помош која ја добива од своите сојузници, првенствено САД, па останатите европски држави која изнесува десетици билиони долари. Комбинирано во проценти тоа би изнесувало 91% од буџетот на Руската Федерација.[11] Вреди да се наспоменат и податоците добиени од Глобалниот мировен индекс (GPI Index) за 2023 година со што се потврдува тезата дека речиси е невозможно да се говори за период на релативен мир и стабилност. Емпириските податоци говорат за крај на „Pax Europaea" барем во контекстот кој ни е познат. ГПИ индексот се спроведува со анализа на повеќе од 23 индикатори од разни сфери како што се: безбедноста, степенот на милитаризација, политички индикатори за внатрешна и надворешна стабилност, тековни конфликти и други. Анализите на овој реномиран тинк-тенк се тесно поврзани со концептите на позитивен и негативен мир кои ги споменавме погоре во трудот од страна на Јохан Галтунг. Во интерес на тезата ќе ги извлечеме единствено релевантните податоци во контекст со последиците по безбедносната ескалација за Европа во целина. Не зачудува фактот дека токму војната во Украина е еден од главните фактори кои придонесуваат за драстично опаѓање на мировниот индекс во Европа, но и анализирано низ глобална призма. Според емпириските податоци, во параметрите за надворешни конфликти Украина и Русија се главни виновници за влошување измерено во процент на загубени животи поврзани со воените дејствија од цели 45%. Најголеми падови има во домените на тековните воени конфликти и општата безбедност респективно со 14% и 5,4%. Единствено степенот на милитаризација бележи благо подобрување во одредени региони од светот.[12]

Друг круцијален елемент кој неизбежно се одразува како резултат на насилството е и економскиот импакт кој го има. Според извештајот, просечната цена на чинење изнесува фрапантни 34% од БДП на државите кои се зафатени од ескалација. Друг податок говори дека вкупната проценка изнесува зголемување од неверојатни 479% или преведено во точен износ од 449$ билиони долари. Тоа што е загрижувачки е и неизбежната тенденција трендот да се прелее во соседните држави токму како последица од веќе етаблираната безбедносна дилема. Источна Европа е пример за тоа, примерот се потврдува со зголемениот степен на рапидна милитаризација. Покрај Украина во клубот се приклучуваат Белорусија, Литванија, Латвија и Естонија, но и Полска како една од најбрзо растечките воени сили на континентот. Дополнително загрижува фактот што и покрај одреден тренд на намалување на воените трошоци војната во Украина успеа не само да го ревидира тој тренд, туку и да продуцира нов бран на зголемени трошоци во воената сфера. Особено тоа важи за државите кои директно и индиректно се инволвирани ви истиот конфликт. Неспорен е фактот дека војната во Украина е најголемата закана по глобалниот мир и безбедност. Особено е критично за Европа, која не памети таков степен на деструкција уште од граѓанската војна во поранешна Југославија. Украина и Русија се

---

[10] Повеќе на следниот линк: https://www.un.org/en/about-us/un-charter/chapter-7

[11] СИПРИ, (2023, Април), Global military spending surges amid war, rising tensions and insecurity, преземено од: https://www.sipri.org/media/press-release/2024/global-military-spending-surges-amid-war-rising-tensions-and-insecurity

[12] Institute for Economics & Peace. Global Peace Index 2023: Measuring Peace in a Complex World, Sydney, June 2023. Available from: http://visionofhumanity.org/resources

рангирани на 157 и 158 место респективно од вкупно 163 држави кои подлежат на анализа.[13] Покрај актуелната констелација на односите и енормните ризици кои произлегуваат од евентуална ескалација која може да го втурне не само континентот, туку и целиот свет во една нова глобална војна со незамисливи последици, сепак, вреди да се наспомене дека од десетте најстабилни држави, седуммина се лоцирани токму во Европа. Од вкупно 36 анализирани држави според сите домени на ГПИ индексот, 12 бележат подобрување, додека 23 влошување во разни сфери од истражувањето. Како последица се јавува зголемена политичка нестабилност, нарушени меѓудржавни односи и економска неизвесност и нестабилност. Покрај загубите во човечки животи за Европа е критичен и степенот на бегалци кои доаѓаат токму од Украина. Имено, се проценува дека вкупно неверојатни 6.5 милиони луѓе. Генерално раселени во државите кои граничат со Украина, само Полска има прифатено скоро еден милион бегалци. ЕУ обезбеди привремен престој, здравство, можност за работа и вклучување на децата во образовниот процес се до нивно враќање во својата матична држава.[14] Во прилог и интерактивна мапа по број на раселени лица и државите кои обезбедиле привремена заштита на истите согласно одредбите на ЕУ и меѓународното право.[15]

## 3. Степен на милитаризација како индикатор за крајот на „Pax Europaea"

Емпириските податоци добиени од страна на СИПРИ покажуваат тенденција на зголемено инвестирање во вооружените сили, воено индустрискиот комплекс и општо милитаризирање на континентот. Регионално опсервирано, Европа учествува со вкупно 480$ билиони долари за 2023 година, со раст од 13% во однос на претходната година. Најголем дел од овој раст се должи на земјите од централна и источна Европа. Држави кои долг период биле под прагот предвиден од НАТО за минимум 2% од БДП веќе најавија зголемување и достигнување на тој праг, па и негово надминување. Германија најави до сега невидена реанимација на Бундесверот со план кој предвидува повеќе од 100$ долари. [16] Исто така, Британија најави зголемување на трошоците во износ од 87 милијарди фунти до 2030 година, односно достигнување на 2,5% од БДП.[17] Интересен, а воедно и загрижувачки е фактот што држава членка на ЕУ и НАТО станува воена велесила на континентот. Имено, Полска издвојува најмногу за своите вооружени сили во Европа споредбено со своите сојузници. Регионално, во поглед на модернизација и набавка на најсовремено вооружување согласно НАТО стандардите. Станува збор за голема бројка на вооружување, пример за тоа се нарачаните 366 Абрамс тенкови, 980К2 Пантер од Јужна Кореја, 96 борбени хеликоптери итн. Во поглед на процентот, Полска ќе издвојува речиси 4% од својот БДП. Повеќе од евидентен е трендот и тенденцијата на европските држави во поглед на зголемена милитаризација. Неминовно, повторно се навраќаме на споменатиот концепт за безбедносна дилема. Посакуваната сигурност и стабилност преку процесот на континуирано вооружување има сериозен дестабилизирачки фактор, како и можност погрешно да се интерпретира од наводниот „противник" со што парадоксално се доведува континентот во состојба на несигурност и недоверба, што само по себе во момент на драстично остра реторика од повеќе страни може да прерасне во отворен вооружен судир за кој потоа тешко може ЕУ, или, пак, останатите инволвирани актери да ја запрат спиралата на насилство. Добро познато е дека насилство води кон повеќе насилство. Да не се заборават и ужасите и деструкцијата кои би биле длабоко врежани во колективната меморија на тие што би

[13] Ibid
[14] Statista, (2024, март) Estimated number of refugees from Ukraine recorded in Europe and Asia since February 2022 as of March 2024, by selected country, Преземено од: https://www.statista.com/statistics/1312584/ukrainian-refugees-by-country/
[15] Consilium Europa, (February, 2024) Refugees from Ukraine in the EU, Пристапено од: https://www.consilium.europa.eu/en/infographics/ukraine-refugees-eu/
[16] СИПРИ, (2023, Април), SIPRI Yearbook 2023: Armaments, Disarmament and International Security Summary, Преземено од: https://www.sipri.org/yearbook/2023 Посетена на: 08.05.2024
[17] GOV.UK (2024, April) PM announces 'turning point' in European security as UK set to increase defence spending to 2.5% by 2030, https://www.gov.uk/government/news/pm-announces-turning-point-in-european-security-as-uk-set-to-increase-defence-spending-to-25-by-2030

ги преживеале во прв план. Дополнително што не смее да се игнорира се нападите и гранатирањето на една од најголемите нуклеарни централи во Европа, а тоа е Запопоржје. За прв пат во историјата е нападната нуклеарна централа што веднаш го крена алармот кај Меѓународната атомска агенција (IAEA) и испрати свои претставници да го набљудуваат процесот на работа. Листата на причини поради кои одредени научници едногласно би прогласиле крај на „Pax Europaea" е прилично неисцрпна. Веројатно во плановите на рускиот претседател не се очекуваше дополнително проширување на НАТО со економски-воено развиени држави како Шведска и Финска, со што алијансата практично од Балтичкото Море направи „езеро" на НАТО алијансата. Геостратегиски важен потег што дава голема предност на сојузниците. Би се надоврзал и со одлуката на Швајцарија која е синоним за неутралност да се приклучи кон политичко-економските санкции насочени кон Русија. Германија од друга страна ја напушти политиката на воздржување од испраќање на оружје во воени зони, дополнително и најави енормно зголемување на трошоците за своите вооружени сили. Воената агресија на Русија практично за голем дел на научници го најави крајот на „Pax Europaea" воедно и крахот на униполарниот момент пост Студената војна под водство на единствената суперсила САД. Во поглед на каузалитетот како што веќе наспоменавме вината за ескалација потребно е да се детектира не само во државата агресор (како причинител и одговорен субјект за страдањата и деструкцијата) туку и кај колективниот Запад. Имено, познати истражувачи од сферата на меѓународните односи како Џон Мершајмер вината ја лоцираат исклучиво во САД и проширувањето на НАТО кон исток.[18] Во трудот на Петрели Лукас, сосема солидно се побиваат одредени тези кои ги произнесува реномираниот Мершајмер исклучиво низ призмата на realpolitik што не дава целосна слика за каузалитетот. Анализирајќи единствено низ призмата на реалистите би можело да се заклучи дека државите се секогаш рационални актери водени од своите национални интереси, што не секогаш е случај. Многу е веројатно дека психолошките карактеристики, процената, носталгијата кон минатото, ревизионизмот придонесоа за погрешна проценка и брз распад на Украинската држава. Напротив, Киев наспроти голем дел прогнози за брза капитулација успеа да го докаже спротивното. Дури се постигнува нераскинливо националното чувство и поривот за борба е на едно високо ниво кое до пред инвазијата не било присутно. Но, да се вратиме на суштината на самиот труд, а тоа е дали Европа се соочува со крај на мирнодопската ера? Нема сомнение во поглед на постоењето на безбедносна дилема. Прашањето е колку механизмите на дипломатијата и мирното разрешување на конфликти ќе успеат во своите напори на анулирање или минимизирање на реалниот ризик за ескалација и повторно втурнување на континентот во нешто што има потенцијал да прерасне во светска војна. Низ изминатиот период беа присутни неколку обиди за разрешување на конфликтот по пат на преговори и медијација. Во интерес на трудот ќе се наспоменат најважните моменти кои резултираа со неуспех за жал. Во статија напишана од Микола Билиесков, насловена „Мирот е невозможен додека Украина не биде безбедна од идна руска агресија" за *реномираниот Atlantic Council* (март, 2024) се детектираат досегашните обиди за разрешување на конфликтот. Авторот веднаш се повикува на предлогот од руска страна од април, 2022 година, непосредно пост инвазијата врз Украина, каде Руската Федерација настапила со сет барања кон Киев со цел прекин на огнот и потенцијално разрешување на истиот. Предлогот би значел значителни отстапки за Киев, вклучувајќи и отстапување на територија, воена неутралност и лимитирање на воените капацитети на украинската армија. Услови кои Украина ги отфрли децидно. Од друга страна, Билиесков констатира дека Киев инсистира на комплетно повлекување од окупираните територии, исплата на репарации за нанесената материјална штета и идни гаранции за нејзината безбедност. Во самата статија, авторот се обидува да ја илустрира тежината и комплексноста, како и дијаметрално спротивните позиции на завојуваните страни и останатите релевантни

[18] Petrelli M. S, L., (2022) *The end of the Pax Europaea:IR theory and narratives on Russia's aggression in Ukraine,* Florence:European University Institute, EUI, STG, Master Thesis, Retrieved from: Cadmus, EUI Research Repository

фактори кои придонесуваат за актуелната ситуација.[19] Вреди да се наспомене и првиот меѓународен самит одржан во Швајцарија на кој присуствувале повеќе од 100 држави и институции. Самитот резултира со потпис на заедничка декларација од страна на 80 држави учеснички. Но, сепак, Руската Федерација не присуствувала на истиот, што само по себе доволно говори за интенцијата за трајно разрешување на крвавиот конфликт. Повеќето конфликти завршуваат со одреден вид на медијација и преговори, некои финишираат со победа или пораз на една од завојуваните страни, додека други влегуваат во фаза наречена замрзнат конфликт[20] (каде повторно би се надоврзале на концептот за негативен мир – отсуство на директно насилство) Меѓусебната недоверба е толку изразена што веќе воопшто и не може да се говори за потенцијална безбедносна дилема. Таа е веќе присутна и е тука да остане при актуелната констелација на односи. Покрај неуспешните дипломатски напори да се стави крај на воените дејствија, не треба да се заборави дека насилство води кон повеќе насилство и тоа секако не е начин на кој што може да се стави крај. „Pax Europaea" како концепт го доживува својот најсериозен предизвик, од идните настани во Украина зависи не само европскиот мир, туку на целиот свет во целина. За пост конфликтна рехабилитација во моменталните услови е невозможно да се говори. Евентуален негативен мир е најреално сценарио со оглед на споменатите фактори. За да се постигне позитивен мир ќе бидат потребни децении. Но, единствено на тој начин е возможна мирна коегзистенција и напредок. Речиси седум децении Европа релативно ги уживаше бенефитите од мирнодопски развој, но Украина е будење за сите нас.

**Заклучок**

Во момент на драстично изменета политичко безбедносна средина е проблематично да се говори за релативен мир. Повеќе од сигурно е дека Европа како целина за прв пат пост Втората светска војна и Студената војна се соочува со меѓудржавен конфликт на сопствено тло. Факт што сам по себе треба да претставува црвено светло и аларм за сите чинители на политиката и релевантни фактори кои ги носат одлуките на национална и регионална сцена. Фактичката ситуација не дава никакви индикатори за евентуален крај и мировни преговори кои би резултирале со конечен прекин на огнот со цел да се создадат потребните услови за повторно градење на мирот. Глобални организации како ООН се парализирани во своите напори за медијација и ставање крај на насилството. Може да се констатира дека СБ на ООН е поделен и на одреден начин заложник на цврстите национални интереси токму од страна на дел од постојаните членки. Парадоксално, истите тие треба да бидат гаранти и чувари на мирот. Во ситуацијата со Украина, токму една од нив е директен агресор. Европа е дури и далеку од постигнување на негативен мир (отсуство на насилство) додека постигнувањето на позитивен е за сега неверојатна замисла и желба на многумина, а најмногу на цивилите кои се изложени на страдање и деструкција. Политичките консеквенции за континентот се евидентни во скоро секоја сфера на делување. Економската размена, слободниот проток на капитал и технологија помеѓу ЕУ и Русија е на незавидно ниво. Политиката на санкции станува секојдневие и механизам кој генерира одвоени политичко-економски системи и наговестува блоковска поделба налик на Студената војна. Русија се врти кон Истокот, додека ЕУ трага по нови извори на природни енергенси и пазари за своите добра и услуги. Меѓународното право е ставено пред сериозен предизвик. Територијалните промени и изменетите меѓународно признаени граници оставаат простор за долготраен конфликт и непресушен извор на несогласување и интерпретација на нешто што е веќе одамна дефинирано и општо прифатено. Емпириските податоци говорат за висок степен на недоверба и сомнеж помеѓу Западот и Руската Федерација и нејзините сојузници. Степенот на милитаризација дополнително го акцентира ефектот на

[19] Bielieskov M., (2024, March) , Peace is impossible until Ukraine is safe from future Russian aggression' Retrieved from: https://www.atlanticcouncil.org/blogs/ukrainealert/peace-is-impossible-until-ukraine-is-safe-from-future-russian-aggression/

[20] Monaghan S., (2024, June) Why Can't the West Force Russia to Make Peace in Ukraine? Retrieved from: https://www.csis.org/analysis/why-cant-west-force-russia-make-peace-ukraine

безбедносната дилема. Можеби сѐ уште ќе говориме за релативен мир и стабилност во Европа, меѓутоа не како целина. Интегративните процеси и понатаму ќе продолжат со интеграција на Западен Балкан, Молдавија и Грузија како земји аспиранти за ЕУ. Во поглед на воената алијанса, Шведска и Финска го комплетираат така нареченото северно крило на НАТО. За едни тоа е гарант на мирот и стабилноста, додека за другата страна претставува продолжување на провокациите и ескалација. „Pax Europaea" на сопствената територија се покажа како успешен пример, меѓутоа сѐ уште нема капацитет да ја комплетира Европа како една целина. Процесите на глобализацијата неминовно се одвиваат паралелно со висок степен на дезинтеграција и фрагментација. Едно е сигурно, а тоа е дека без мир и благосостојба е невозможен напредок и развој. Мирот е најважна суштина за одржлив раст и развој!

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Andrén M., (2023). Dreaming of Unity. In *Thinking Europe: A History of the European Idea since 1800* (Vol. 46, pp. 17–45). Berghahn Books.

Calleo, P.D. (May, 1996). Europe and World Order after the Cold War

Galtung J., (1969). Violence, Peace, and Peace Research. *Journal of Peace Research*, *6*(3),

Наумовски В., Андонов Ј., (2014, јуни) – Политичка мисла, Модели на безбедна и стабилна интеграција – сто години по Првата светска војна

СИПРИ, (2023, Април), Global military spending surges amid war, rising tensions and insecurity

Ванковска Б., (2011) Безбедносна дилема: Меѓународна Безбедност – Критички пристап, Филозофски факултет

Institute for Economics & Peace. Global Peace Index 2023: Measuring Peace in a Complex World, Sydney,

Statista, (2024, март) Estimated number of refugees from Ukraine recorded in Europe and Asia since February 2022 as of March 2024, by selected country,

Consilium Europa, (February, 2024) Refugees from Ukraine in the EU

GOV.UK (April, 2024) PM announces 'turning point' in European security as UK set to increase defence spending to 2.5% by 2030

PETRELLI MELIM SANTOS, Lucas, *The end of the Pax Europaea : IR theory and narratives on Russia's aggression in Ukraine*, Florence : European University Institute

Bielieskov M., (2024, March) , Peace is impossible until Ukraine is safe from future Russian aggression'

Monaghan S., (2024, June) Why Can't the West Force Russia to Make Peace in Ukraine?